**АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2022 ГОДИНА**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021 - 2026**

## Законски основ за подготовка на Акциониот план за 2022 година

Акциониот План за 2022 година за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2021 - 2026 се занова на Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РСМ, бр.24/2021 и 174/2021) и се изработува согласно обврските од Законот за рамномерен регионален развој. Во процесот на подготовка на Акциониот план за 2022 година за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион се повикуваме и на Законот за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник на РМ, бр. 6/2012 и бр.166/2014) и обезбедување на еднакви можности за жените и мажите, девојчињата и момчињата во регионот преку сите стратешки цели и активности кои ќе ги спроведува Центарот за развој на Југоисточниот плански регион и општините од регионот.

## Вовед

Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година е претставен табеларно и истиот ги следи среднорочните цели и приоритети на Програмата за развој на ЈИПР 2021-2026 и дава преглед на мерките и планираните активности на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за остварување на среднорочните цели предвидени со Програмата. Исто така прикажани се и соодветните индикатори кои треба да се постигнат со имплементација на наведените активности, планираната временска рамка за спроведување на активностите во текот на 2022 година, како и индикативните потребни ресурси и финансиски средства за имплементација на активностите, вклучувајќи ги и можните извори за финансирање и носителите на активностите. Информациите кои се дадени во Акциониот план за 2022 година претставуваат проценка за потребните финансиски средства, ресурси и извори на финансирање. Конкретните податоци за некои активности ќе се одредат во процесот на подготовка на проектните апликации, односно подготовка на буџетот за проектот, а за други активности пак потрошените финансиски средства ќе се утврдат во текот на имплементацијата проектите за дадениот период. При изработката на Акцискиот План на Програмата се водеше сметка за Интегрирање на родовата перспектива во Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2021-2026 година и при тоа беше направена и координација со експертите за родово одговорното буџетирање.

## Применета методологија за подготовка на Акциониот план за 2022 година

Согласно Правилникот за Методологијата за изработка на планските документи за регионален развој („Службен весник на РСМ" бр. 219/2021) утврдена е содржината на Акциониот план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион. Согласно член 30 од оваа методологија објавена на 23 септември 2021 година Акциониот план ги содржи следниве елементи:
1. Кус вовед со образложение на законскиот основ за подготовка на Акцискиот план;
2. Опис на применетата методологија за подготовка на Акцискиот план;
3. Расчленување на планираните стратешки цели, приоритети и мерки со дефинираните индикатори во контекст на идентификување на фазите кога треба да се постигнат (временски ограничени);
4. Приоретизирање според нивото на значење и итноста за нивното извршување во дадениот период (вклучително и финансиски трошоци и човечки ресурси);
5. Подготовка на финансиски план на стратешки цели, приоритети мерки и идентификување на изворите на финансирање;
6. Идентификување модели на интеракција помеѓу актерите во спроведувањето на Програмата;
7. Начин на информирање на јавноста;
8. Анализа на ризикот и
9. Други елементи согласно потребите.

**Стратешки цели и приоритети за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2021 - 2026**

Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2021 - 2026 беше изработена на партиципативен начин со учество на сите засегнати страни. Утврдената визија за 2026 година од страна на сите учесници гласи: Југоисточниот регион во 2026 година е економски динамичен и конкурентен регион, препознатлив по атрактивната туристичката понуда, земјоделските производи и храна, грижата за животната средина, социјалната сигурност и квалитетното живеење во урбаните и руралните средини. Во Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2021 - 2026 се утврдија и следниве 5 (пет) стратешки цели заедно со нивните приоритети:

| | | |
|---|---|---|
| Стратешка цел 1 | Развивање на претприемништвото и индустријата, потикнување на конкурентноста и иновативноста на претпријатијата и создавање поволна инвестициска клима | Приоритет 1.1: Развивање на претприемнички еко систем и поттикнување на претприемништвото со посебен фокус на жени и млади |
| | | Приоритет 1.2: Подобрување на конкурентноста и иновативноста на микро, мали и средни претпријатија (ММСП) |
| | | Приоритет 1.3: Развој и промоција на регионот како атрактивна туристичката дестинација |
| | | Приоритет 1.4: Создавање на поволна инвестициска клима и поттикнување на инвестициите во одделни индустрии со потенцијал |
| | | Приоритет 1.5: Поддршка на бизнис секторот за справување со последиците од пандемијата Ковид-19 |
| Стратешка цел 2 | Развивање и осовременување на инфраструктурата во Југоисточниот плански регион | Приоритет 2.1.: Унапредување на просторното и урбанистичкото планирање на локално и регионално ниво |
| | | Приоритет 2.2.: Осовременување на сообраќајно-транспортна инфраструктура |
| | | Приоритет 2.3.: Подобрување на комуналната и енергетската инфраструктура |
| Стратешка цел 3 | Промовирање на социјална инклузија, конкурентно и квалитетно образование и здравствена заштита на населението во регионот | Приоритет 3.1.: Создавање работна сила според потребите на пазарот на труд |
| | | Приоритет 3.2.: Социјална инклузија на ранливите категории |
| | | Приоритет 3.3.: Подобрување и модернизирање на веќе постоечка и изградба на нова образовна и социјална инфраструктура |
| | | Приоритет 3.4.: Зајакнување на капацитетите за социјално заштитни активности |
| | | Приоритет 3.5.: Подобрување на здравствената состојба на населението |
| Стратешка цел 4 | Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на квалитетот на | Приоритет 4.1.: Модернизација и подобрување на конкурентноста на одржливо земјоделско производство и преработувачката индустрија |
| | | Приоритет 4.2.: Диверзификација на економските активности во руралните средини |

| | | |
|---|---|---|
| | живот во руралните подрачја | Приоритет 4.3.: Развивање на современа и функционална инфраструктура во селата, подрачјата со значителна депопулација и специфични развојни потреби |
| Стратешка цел 5 | Заштита на животната средина, справување со климатските промени и оптимално користење на природните ресурси и енергетските потенцијали | Приоритет 5.1.: Одржливо управување со животната средина и справување со климатските промени |
| | | Приоритет 5.2.: Заштита на биодиверзитетот и управување со заштитени подрачја |
| | | Приоритет 5.3.: Промовирање на циркуларна и зелена економија |
| | | Приоритет 5.4.: Управување и заштита со водните ресурси |

Во продолжение дадени се планираните проектни активности на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година поделени по приоритети и стратешки цели заедно со индикативниот буџет за нивна имплементација, изворите на финансирање, нивното времетраење и индикаторите кои произлегуваат од нивната имплементација:

| **Стратешка цел 1 – Развивање на претприемништвото и индустријата, потикнување на конкурентноста и иновативноста на претпријатијата и создавање поволна инвестициска клима** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет/Мерка** | | **Активности** | **Износ** | **Извори на финансирање** | **Времетраење** | **Индикатори** |
| **Приоритет 1.1 - Развивање на претприемнички еко систем и поттикнување на претприемништвото со посебен фокус на жени и млади** | | | | | | |
| 1.1.1 | Зголемување на вештините и претприемничкиот капацитет во регионот со посебен фокус на жените и младите | Оперативна и финансиска поддршка на ваучерската програма за градење на капацитетите на претпријатијата во Република Северна Македонијал.) | 300.000,00 ден. | МЛС и СДЦ преку проектот Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - 2 фаза (ОИРРР) | 2022 | Број на организирани инфо сесии, број на учесници од кои најмалку 40 % жени, број на поддржани апликанти на објавените повици од страна на ФИТР од кои најмалку 20 % жени, вкупен број на поднесени и одобрени апликации, број на поднесени апликации од жени |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.2 | Зајакнување на улогата на Бизнис центарот во рамки на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион | Соработка со ФИТР, делување како регионална канцеларија; Редовна координација на бизнис центарот со ФИТР во врска со сите јавни повици на ФИТР и програми за поддршка на приватниот сектор; Овозможување на техничка поддршка и информирање на потенцијалните апликанти од соодветниот регион, за сите активни повици за секој поединечен инструмент; Активности околу планирање и организирање на групни инфо сесии во рамките на планскиот регион, за секој активен повик, во координација и по потреба на ФИТР и учество во организација на настани, обуки, консултативни сесии на ниво на регион и други оперативни активности со цел обезбедување на услуги на поддршка на приватниот сектор; | 335.000,00 ден. | МЛС и СДЦ преку проектот ОИРРР - 2 фаза | 2022 | Број на обуки, Број на учесници од кои најмалку 40 % жени, Број на барани и број на реализирани советодавни услуги за старт-апи и претприемачи; Број на поддржани млади и жени претприемачи |
| | | Промовирање на успешни претприемачи од регионот - интервју со претприемач/и за споделување на успешната приказна, подготовка на краток видео клип промовиран преку нивните социјални мрежи, влучувајќи ги и социјалните мрежи на проектот. | 120.000,00 ден. | МЛС и СДЦ преку проектот ОИРРР - 2 фаза | 2022 | Број на промовирани претприемачи, Број на претпријатија корисници на услугите на регионалниот бизнис центар при ЦРЈИПР од кои 20 % од нив управувани од жени; Број на настани за вмрежување на организациите за поддршка |
| | | Развивање на акциски планови на бизнис центрите да креираат и споделуваат нови услуги (ваучерски систем и др.) | 45.000,00 ден. | МЛС и СДЦ преку проектот ОИРРР - 2 фаза | 2022 | Број на развиени акциски планови, број на нови услуги |
| | | Активности за имплементација на Инвестициски проект | 3.545.700,00 ден. | МЛС и СДЦ преку проектот ОИРРР - 2 фаза | 2022 | Број на имплементирани инвестициски проекти |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.7 | Развој на социјално претприемништво и стимулирање на економското јакнење на жените од ранливите групи. | Организирање на најмалку 4 информативни сесии (преку Интернет / офлајн) во средните училишта, вклучително и стручни училишта и младински невладини организации и младински клубови; Организирање на 2 (два) локални саеми кои ги истакнуваат локалните социјални претпријатија; Обезбедување на информации и совети за посетителите за прашања поврзани со социјалното претприемништво; Спроведување на активности за олеснување на воспоставување партнерства помеѓу локалните засегнати страни (општини, невладини организации / социјални претпријатија, приватни бизниси); Поддршка на основање на потенцијални социјални претпријатија; Организација на друг вид обуки и информативни сесии до заинтересираните страни и др. | 627.300,00 ден. | Европска Унија преку проектот „Поддршка на социјално претприемништво“ | 2022 | Број на одржани средби, број на учесници од кои најмалку 40 % жени, број на одржани регионални саеми, број на формирани социјални претпријатија со посебен фокус на жени од ранливи категории |
| **Приоритет 1.2 - Подобрување на конкурентноста и иновативноста на микро, мали и средни претпријатија (ММСП)** | | | | | | |
| 1.2.3 | Поттикнување на иновативноста кај ММСП и промовирање на економија базирана врз знаење | Деловен екосистем како интегриран систем | 4.088.828,00 ден. | ЕУ преку Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција – Р. Северна Македонија, вкупен буџет 171.679,50 евра | 2022 - 2023 | Еден 3Д скенер, два 3Д принтери, еден 4 во 1 принтер и скенер и еден десктоп компјутер, 6 отворени денови за запознавање на МСП со новата технологија, 7-дневен иновативен бут камп за 21 учесник, 3-дневно студиско патување во Грција, 2 серии на работилници во времетраење од по 3 дена за 20 претставници од МСП во регионот каде учеството на жените е застапено со најмалку 40 % |
| **Приоритет 1.3 - Развој и промоција на регионот како атрактивна туристичката дестинација** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.3.3 | Поддршка за развој на нови туристички атракции, услуги и искуства | Изградба на пристапен пат до прочистителна станица и влез на регионалниот центар/стационар за бездомни кучиња. | 6.484.022,00 ден. | Биро за регионален развој и општина Струмица | 2022 | Изградена улица во должина од 531 метар, уреден влез на стационар со седум паркинг места, клупи за седење и корпи за отпадоци, Зголемена фрекфенција за 15 % на стари лица и деца до 14 години на јавните површини и на настани, Пораст на бројот на посетители и туристи во регионот за 10 % |
| 1.3.5 | Поттикнување и поддршка на различни видови на туризам (езерски бањски, рурален, културен и црковен, активен, здравствен, манифестациски, конференциски, ловен, вински, казино) | Подобрување на туристичката понуда во Југоисточниот плански регион | 22.907.334,00 ден. | Биро за регионален развој и општините Конче, Гевгелија, Дојран и Валандово | 2022 | Изградена туристичка патека од манастирот св.Горѓи до Исар Кулата во општина Валандово во должина од 700 метри, Доизградба на локален пат до с.Хума кое се наоѓа на пл. Кожув во должина од 782,14 метри, Изградена пешачка патека која води до граничниот премин стар Дојран во должина од 1285 метри, Доизграден и опремен 1 Конак на Манастирот св.Стефан во с.Конче со уреден паркинг простор, најмалку 20 % поголема вклученост на социјално исклучените лица (деца и возрасни лица со попреченост, стари лица, бездомни лица, стари лица од рурални подрачја, деца од изолирани рурални подрачја, лица припадници на заедниците, на верски и религиозни групи). |
| **Вкупно** | | | **38.453.184,00 ден.** | | | |

| **Стратешка цел 2 – Развивање и осовременување на инфраструктурата во Југоисточниот плански регион** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет/Мерка** | **Активности** | **Износ** | **Извори на финансирање** | **Времетраење** | **Индикатори** |
| **Приоритет 2.2 - Осовременување на сообраќајно-транспортна инфраструктура** | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.1 | Осовременување на сообраќајно-транспортна инфраструктура | Изградба, реконструкција или ревитализација на локални патишта во Југоисточниот плански регион | 23.600.000 ден. | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) | 2022 | Должина на изградени, реконструирани или ревитализирани локални патишта во км |
| 2.2.5 | Ревитализација на полските патишта и подобрување на пристапот до земјоделските површини | Уредување и санација на полски патишта во општините во Југоисточниот плански регион | 6.500.000 ден. | Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство | 2022 | Должина на ревитализирани и новопробиени полски патишта до земјоделските површини (км), број на земјоделски производители кои ги користат патиштата |
| **Вкупно** | | | **30.100.000,00 ден.** | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 3 – Промовирање на социјална инклузија, конкурентно и квалитетно образование и здравствена заштита на населението во регионот** | | | | | | |
| | **Приоритет/Мерка** | **Активности** | **Износ** | **Извори на финансирање** | **Времетраење** | **Индикатори** |
| **Приоритет 3.5 - Подобрување на здравствената состојба на населението** | | | | | | |
| 3.5.5 | Заштита на населението од штетници и инсекти | Дезинсекција - третирање за заштита од комарци во ЈИПР | 9.060.000,00 ден. | 10-те општини од ЈИПР | 2022 | Извршено третирање (прскање) против комарци во Југоисточниот регион |
| **Вкупно** | | | **9.060.000,00 ден.** | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 4 - Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на квалитетот на живот во руралните подрачја** | | | | | | |
| | **Приоритет/Мерка** | **Активности** | **Износ** | **Извори на финансирање** | **Времетраење** | **Индикатори** |

| Приоритет 4.3 - Развивање на современа и функционална инфраструктура во селата, подрачјата со значителна депопулација и специфични развојни потреби | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.1 | Осовременување на сообраќајната инфраструктура во селата и подрачјата со специфични развојни потреби | Изградба на локален пат од село Дамјан до село Погулево во должина од 1927,81 м | 16.169.777,00 ден. | Биро за регионален развој и општина Радовиш | 2022 | Изграден локален патен правец во должина од 1927,81 м, зголемување на бројот на земјоделски производители кои ќе го користат патот за најмалку 20 % |
| | | Изградба на Локален пат на релација Колешино - Бориево (трета фаза) | 24.997.462,00 ден. | Биро за регионален развој, општина Ново Село, Босилово | 2022 | Изграден дел од локален пат во должина од 3220 метри од с.Бориево-с.Колешино, зголемување на бројот на туристи во подбеласичкиот регион за најмалку 3 % |
| 4.3.3 | Поддршка на обновата и развојот на селата | Изработка на урбанистичка планска документација за населените места: с. Босилово, с. Моноспитово, с. Дрвош и с. Бориево - општина Босилово | 4.935.450,00 ден. | АФПЗРР и општина Босилово | 2016-2022 | Изработени 4 урбанистички плански долументации за: с. Босилово, с. Моноспитово, с. Дрвош и с. Бориево - општина Босилово |
| | | Изработка на урбанистичка планска документација за населените места: с. Борисово, с. Мокрино и с. Старо Коњарево - општина Ново Село | 3.407.509,00 ден. | АФПЗРР и општина Ново Село | 2016-2022 | Изработени 3 урбанистички плански документации за: с. Борисово, с. Мокрино и с. Старо Коњарево - општина Ново Село |
| | | Изработка на урбанистичка планска документација за населените места: с. Милетково, с. Моин и с. Давидово - општина Гевгелија | 2.603.515,00 ден. | АФПЗРР и општина Гевгелија | 2016-2022 | Изработени 3 урбанистички плански документации за: с. Милетково, с. Моин и с. Давидово - општина Гевгелија |
| | | Изработка на урбанистичка планска документација за населените места: с. Нов Дојран - општина Дојран | 1.576.767,00 ден. | АФПЗРР и општина Дојран | 2016-2022 | Изработена 1 урбанистичка планска документација за: с. Нов Дојран - општина Дојран |
| | | Изработка на урбанистичка планска документација за населените места: с. Владевци, с. Анѓелци и с. Градашорци - општина Василево | 2.466.784,00 ден. | ЦРЈИПР и општина Василево | 2016-2022 | Изработени 3 урбанистички плански документации за: с. Владевци, с. Анѓелци и с. Градашорци- општина Василево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Изработка на урбанистичка планска документација за населените места: с. Дабиље и с. Добрејци - општина Струмица | 2.962.209,00 ден. | АФПЗРР и општина Струмица | 2016-2022 | Изработени 2 урбанистички плански документации за: с. Дабиље и с. Добрејци- општина Струмица |
| **Вкупно** | | | **59.119.473,00 ден.** | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 5 – Заштита на животната средина, справување со климатските промени и оптимално користење на природните ресурси и енергетските потенцијали** | | | | | | |
| | **Приоритет/Мерка** | **Активности** | **Износ** | **Извори на финансирање** | **Времетраење** | **Индикатори** |
| **Приоритет 5.2 - Заштита на биодиверзитетот и управување со заштитени подрачја** | | | | | | |
| 5.2.4 | Заштита и обновување на шумите | Прекугранична соработка во спречување на шумски пожари | 4.509.869 ден. | ЕУ преку Интерег ИПА Програмата за прекугранична соработка Р. Бугарија – Р. Северна Македонија, вкупен Буџет 399.415 евра | 2021-2023 | Набавена против пожарна опрема за пожарникарските служби во Југоисточниот регион |
| | | Рано откривање на пожарите и нивно движење за превенција и справување со катастрофи | 6.901.407 ден. | ЕУ преку Интерег ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција – Р. Северна Македонија, вкупен буџет 280.186,50 евра | 2021-2023 | Набавени 2 противпожарни возила за о. Струмица и за о. Гевгелија, поставени системи за рано откривање на пожари |
| **Вкупно** | | | **11.411.276,00 ден.** | | | |
| **Вкупна вредност на акциониот план за 2022** | | | **148.143.933,00 ден.** | **61,50 ден.** | | **2.408.844,44 €** |

## Сумирани податоци

Во продолжение прикажани се потребните финансиски средства сумирани по стратешки цели и приоритети:

| | Приоритет 1 | Приоритет 2 | Приоритет 3 | Приоритет 4 | Приоритет 5 | Вкупно (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СЦ 1** | 4.973.000,00 | 4.088.828,00 ден. | 29.391.356,00 | 0 | 0 | 38.453.184,00 |
| **СЦ 2** | 0 | 30.100.000 ден. | 0 | | | 30.100.000,00 |
| **СЦ 3** | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.060.000,00 | 9.060.000,00 |
| **СЦ 4** | 0,00 | 0 | 59.119.473,00 | | | 59.119.473,00 |
| **СЦ 5** | **0** | 11.411.276 ден. | 0 | 0 | | 11.411.276,00 |
| | | | | | **Вкупно** | **148.143.933,00** |

## Извори на финансирање

Согласно Членот 35 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РСМ“ бр. 24/21 и 174/21), како извори на финансирање на регионалниот развој се јавуваат:
1. Буџетот на Република Северна Македонија;
2. Буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;
3. Фондовите на Европската Унија;
4. Други меѓународни извори;
5. Донации и спонзорства од физички и правни лица и
6. Други средства утврдени со закон.

Во членот 36 од истиот закон се дефинирани следните инструменти за поттикнување на регионалниот развој: капитални влогови; неповратни грантови; финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи и акциони планови; финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој на Република Северна Македонија; како и државна помош во вид на заеми под поволни услови; гаранции за заеми; осигурување на кредити; даночни олеснувања; субвенции, лизинг; и други инструменти согласно закон.

## Модели на интеракција помеѓу актерите во спроведувањето на Програмата

Во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествуваат:
• Бирото за регионален развој;
• Центарот за развој на Југоисточниот плански регион и
• Единиците на локалните самоуправи во состав на Југоисточниот плански регион: Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица.
Советот за развој на Југоисточниот плански регион е тело за усогласување и спроведување на развојната политика на планскиот регион преку креирање на планските документи за развој на регионот, координација на носителите на развојот во регионот, како и промовирање на прекуграничната соработка со региони од други држави.
Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има улога на оперативно тело чија основна функција е подготовка и реализација на планските документи за развој на Југоисточниот плански регион. Центрите за развој за својата работа одговараат на Советите за развој на планските региони.
Единиците на локалната самоуправа: Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица заеднички учествуваат во подготовката и имплементацијата на регионалните проекти, но истовремено подготвуваат и спроведуваат проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој, за развој на подрачја со специфични развојни потреби и развој на селата кои се наоѓаат на нивна територија.
Со цел максимално да се користат расположливите финансиски ресурси за регионален развој, сите надлежни институции за спроведување на мерките за регионален развој треба да остварат висока меѓусебна координација и взаемна соработка при креирањето и реализацијата на проектите од значење за регионот. Во спроведувањето на активностите од Програмата се користат најразлични модели на интеракција во зависност од активностите и потребите на проектот. Во голем дел од севкупните интеракции информациската и комуникациската технологија се користи за да ја олесни и поттикне комуникацијата помеѓу сите актери. Исто така во одредени случаи се користи и директна интеракција.

## Начин на информирање на јавноста

За работата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион и Советот за развој на ЈИПР се користат првенствено електронските медиуми како средство со кое информацијата во најкраток можен рок може да стигне до голем број читатели. Информации од најразличен карактер се објавуваат на официјалната страна на Центарот за развој www.southeast.mk, на страната на Бизнис Центарот при Центарот за развој на ЈИПР www.investinseregion.mk, како и на профилите на социјалните мрежи. Во зависност од потребите и активностите доста често јавноста се информира преку регионалните ТВ станици и преку директен контакт со најразлични засегнати страни.

Центар за развој на Југоисточниот плански регион
Жулиета Ѓуркова
Директор